Селекција на транспарентноста во судско-психолошката пракса

автор: Јованчо Велески

Резиме:

Судската психологија се занимава со поврзување на психолошката наука со судската пракса.Таа во потесна смисла на зборот Судската психологија е форензика и во суштина е помошна дисциплина за да психичките функции бидата транспарентни и достапни на судските органи ,во оној облик во кој нив им е разбирлив и потребен. Во тој контекс Судскиот психолог треба да ги препознае и селектира главните моменти на самиот процес на психолошки збиднувања кои се од правен интерес.Цел на неговиот стручен ангажман е тие психолошки процеси да ги направи разбирливи за останатите субјекти во судскиот процес ,во функција на донесување на објективна пресуда.Судскиот психолог се занимава со испитување, поврзување, објаснување и предвидување на однесувањето,мислењето, интелегенцијата, мотивацијата ,емоциите, психопатолошките појави, исказите ,човечките релации и односите во рамките на процесот од судски интерес.Егзактноста на субјективните доживувања,вкрстени со поведението во правните настани ,треба јасно и децидно да бидат селектирани и оквалификувани со конкретен психолошки наод. Тие елементи кои ќе ги содржи заклучокот во суштина треба да бидат транспарентни, јасни и недвосмилени.Истите се поврзани со Барањата на судските органи наведени во Наредбата за вештечење, но и имаат селективна и предикативна препорака.
Трудот ги содржи следните поднаслови: Дефинирање на овој проблем, Кој психолог,може да биде судски вештак или технички советник, Форми на судски вештачења ,Каде во судската пракса се користат вештините на судскиот психолог,Како да се селектираат транспарентните елементи , Разликата помеѓу судската психологија и судската психијатрија,Начинот на тимско вештачење и примери од искуството.
Трудот е презентација на моето лично искуство од изминатите 33 години работа во областа на форензиката во 450 судски случаево, во Основните судови во Прилеп, Битола, Велес, Кавадарци, Струга,Крушево, Ресен,Скопје во Основните и Апелационите судови и обвинителства.